ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **04.03.2019 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Секретар</u>**

Информација во врска со спроведената постапка за ангажирање на волонтери во Општина Крива Паланка и исходот од истата.

Задолжение за пронаоѓање и анализа на предметот за отстранување на времени објекти во непосредна близина на м.в.Соларски Мост.

Информација во врска со закажано примопредавање на Караула во с.Трново, на ден 06.03.2019 година во присуство на претставници на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

Информација во врска со други тековни активности.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Информација во врска со тековни активности на ниво на Сектор.

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со подготовката на одлука за усвојување на завршна сметка.

Информација во врска со подготовката и исплатата на плата на вработените во Општина Крива Паланка и во ТППЕ Крива Паланка.

Информација во врска со определени тековни плаќања по фактури.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со подготовката на пресек на поднесени нерешени барања.

Информација во врска со тековни работи на терен.

Задолжение за итно и неодложно надминување на тековни проблеми во врска со проектот за Станечки Водопади.

Информација во врска со тековни проблеми во Е-урбанизам и издавање на соодветни одобренија.

Истакната е потребата од вработување на лице за контрола на работи на терен и водење на евиденција.

Информација во врска со тековните активности за асфалтирање, тампонирање, прочистување на локални патишта и слично.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со потребата од потпишување на планска програма за инфраструктурен проект за гасификација.

Информација во врска со потребата од изменување на проект за Регулација на Скрљавски Дол.

Информација во врска со активностите за донесување на ДУП, финансиран од страна на физичко лице, а врз основа на договор за уредување на начинот на финансирање.

Информација во врска постапката за донесување на ГУП.

Информација во врска со потребата од изменување на општ акт за с.Конопница (Домот).

Информација во врска со потребата и активностите за подготовка на програма за животна средина.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со потребата од допрецизирање на планот за годисшен одмор.

Информација во врска со подготовката на Меморандум до Влада на РСМ за давање во сопственост на недвижност (зпз и двор – ЛУ Градски Музеј и зпз и двор – зграда спроти Општинската зграда).

Информација во врска со потребата од набавка на регистри за складирање на персоналните досиеја на сите вработени во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Информација во врска со тековна подготовка на материјали за седница на Совет на Општината закажана на ден 14.03.2019 година.

Информација во врска со тековни постапки за јавни набавки.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Информација во врска со активности за чистење на регулација во нас.Единство.

Задолжение за чистење на регулација и диви депонии на потегот од „Кантина“ до „чешма“ кај м.в.Болничка ливада.

Информација во врска со активностите за редовно и тековно собирање на смет.

Информација во врска со подготвителни активности за поставување на одбојна заштитна ограда на критични точки на патниот правец кон с.Нерав.

Дадено е задолжение за собирање и расчистување на абразивниот материјал кој што е расфрлан на тротоарската површина долж обиколницата.

Дадено е задолжение за перење на главната улица „Свети Јоаким Осоговски“.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со подготовката на извештаи за седницата на Советот на Општината на ден 14.03.2019 година.

Информација во врска со подготовката на завршна сметка и одлука за усвојување на истата.

Информација во врска со подготовката на 3 проектни апликации со НВО, а во рамки на мрежа - музеи.

Информација во врска со потребата од ангажирање на волонтер ов Мировниот корпус.

Информација во врска со тековни плаќања.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски - Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

**04.03.2019 година, Крива Паланка**